**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-203
13.04 **2018 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1809/1 од 04.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и на член 16, член 17 и член 22 ставови 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 10 и став 2 од истиот Закон, на начин што на 2 март 2018 година на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје:

- емитуваната епизода (32) од серијалот „Пабло Ескобар, господар на злото", пред почетокот и во текот на траењето, е означена со погрешна предупредувачка сигнализација (како програма од втора категорија) и е емитувана во несоодветен термин од денонокието (во периодот од 16:48:21 до 17:54:24 часот), што е спротивно на член 50 став 3 од горе цитираниот закон и член 16 и член 17 од горе цитираниот правилник. Наведената епизода од овој серијал треба да биде класифицирана како - програма од четврта категорија, што не се препорачува за деца под 16 години и со таквата класификација да биде емитувана само во периодот од 22:00 до 05:00 часот.
- промотивните најави за играниот филм „Американецот" емитувани во периодот од 19:16:47 до 19:17:50 часот и во периодот од 23:39:05 до 23:40:08 часот, содржат сцени и глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица, што е спротивно на член 50 став 3 од горе цитираниот закон и на член 22 став 1 од горе цитираниот правилник; и
- промотивните најави за директниот пренос од боксерскиот меч во тешка категорија меѓу Кевин Лерена и Димитро Кучер („Бокс на Телма") во периодите: од 07:58:55 до 07:59:29 часот; од 08:47:06 до 08:47:40; од 09:27:32 до 09:28:06; од 10:25:11 до 10:25:46; од 10:45:15 до 10:45:48; од 11:17:10 до 11:17:45; од 14:37:46 до 14:38:20; од 15:12:20до 15:12:54; од 15:25:38 до 15:26:12; од 17:12:22 до 17:12:55; од 18:24:05 до 18:24:38; од 19:17:50 до 19:18:25; од 20:59:13 до 20:59:47; од 21:24:50 до 21:25:24; и од 22:56:47 до 22:58:04 часот не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, што е спротивно на член 50 став 3 од горе цитираниот закон и член 22 став 2 од горе цитираниот правилник.